РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAOEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-189/2
25-02-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 15 та седница, одржана на 21.02.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 09-189/1 од 14.01.2025 година, против лицето ----------, директор во ООУ „--------------, **СЕ ОТФРЛА.**
ДКСК утврди дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи, против истото лице и по утврдување на фактичка состојба на 84 – та седница одржана на 31.03.2023 година донесена е Одлука со бр. 09-49/5 од 10.04.2023 година, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и истата е објавена на веб страната на ДКСК.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 28.11.2024 година поднесена е пријава бр. 12-3043/1, по која е оформен предметот број 09-189/1.
Во пријавата е наведено дека од страна на -----------, директор во ООУ -----------, во просториите на училиштето, е поставен кафемат, кој бил во сопственост на член на нејзиното семејство ( мајка).
Имајќи ја во предвид таквата состојба, ДКСК утврди дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи, за што на 84 – та седница одржана на 31.03.2023 година донесена е Одлука со бр. 09-49/5 од 10.04.2023 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По вака утврдена фактичка состојба, Државната комисија на седницата одржана на ден 21.02.2025 година заклучи дека нема елементи за преземање мерки за натамошно надлежно постапување по конкретниот предметот.
Од вака утврдената состојба ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З-раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р. -член на ДКСК